Уп. бр.08-135

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и 208/24), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од А1 СРБИЈА д.о.о. Белград, со седиште на ул. Милутина Миланковича 1ж, 11070 Нов Белград, Србија, преку Адвокатско друштво Апостолска, Александровски и Партнери од Скопје на седницата одржана на ден 18.10.2024 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

Се утврдува дека концентрацијата со која А1 СРБИЈА д.о.о. Белград, со седиште на ул. Милутина Миланковича 1ж, 11070 Нов Белград, Србија има намера да стекне самостојна контрола директно над Конексио метро д.о.о. Белград, со регистрирана адреса на Милутина Миланковича 1и, Нов Белград, Србија, преку стекнување 100% од уделот, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**Образложение**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 23.09.2024 година а дополнето на 30.09.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна на А1 СРБИЈА д.о.о. Белград, со седиште на ул. Милутина Миланковича 1ж, 11070 Нов Белград, Србија со која А1 СРБИЈА д.о.о. Белград, Србија има намера да стекне самостојна

контрола директно над Конексио метро д.о.о. Белград, со регистрирана адреса на Милутина Миланковича 1и, Нов Белград, Србија, преку стекнување 100% од уделот.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото, го утврди следното:

Регистрираната дејност на А1 СРБИЈА д.о.о. Белград е обезбедување на следните услуги: (i) телекомуникациски услуги за мобилна телефонија врз основа на лиценца за јавна мобилна телекомуникациска мрежа и услуги на јавни мобилни телекомуникациски мрежи во согласност со стандардот GSM/GSM 1800 и UMTS/IMT - 2000, (ii) телекомуникациски услуги на фиксна телефонија според режимот на општо овластување, (iii) услуги за пристап до интернет и интернет услуги, (iv) изнајмување инфраструктура за дејноста на електронски комуникации, (v) изнајмување на ресурси од електронската комуникациска мрежа и (vi) дистрибуција на медиумски содржини.

Подносителот е дел од А1 Телеком Австрија Групацијата, чие матично друштво е Телеком Австрија АГ, акционерско друштво кое е основано и работи во согласност со прописите на Австрија, со седиште на Lassallestrasse 9, 1020 Виена, Австрија.

А1 Телеком Австрија Групацијата преку своите членки е давател на комуникациски услуги во Централна и Источна Европа. Работи во Австрија, Бугарија, Белорусија, Хрватска, Северна Македонија, Србија и Словенија. Портфолиото на А1 Телеком Австрија Групацијата вклучува производи и услуги од областа на телефонските услуги, широкопојасен интернет пристап, мултимедијални услуги и решенија од областа на информатичката технологија.

Во Република Северна Македонија, А1 Телеком Австрија Групацијата има три регистрирани поврзани друштва, и тоа:

- А1 МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, со седиште на Плоштад Пресвета Богородица бр.1, Скопје – Центар и предмет на работење дејности на безжични комуникации,
- ТЕЛЕМЕДИА ДООЕЛ Скопје со седиште на Плоштад Пресвета Богородица бр.1, Скопје – Центар и предмет на работење дејности за дистрибуција на филмска, видео и телевизиска програма и
- Друштво за развој на информатичко компјутерско технолошки производи ЛИНВОРКС ДООЕЛ Скопје со седиште на Плоштад Пресвета Богородица бр.1, Скопје – Центар и предмет на работење компјутерско програмирање.

Конексио метро д.о.о. Белград, е создадено како резултат на статусната промена на издвојување со основање, врз основа на што телекомуникациската оптичка мрежа

лоцирана во Србија на територијата на Град Белград е пренесена од Конексио д.о.о. на новоформираното Целно друштво Конексио метро д.о.о. Белград. Регистрираната дејност на Конексио метро д.о.о. Белград е кабелски телекомуникации.

Конексио метро д.о.о. Белград нема регистрирани поврзани друштва во Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (4) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување**.**

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**